# Трансфузија на измиени еритроцитни концентрати кај болни со инсуфициенција на коскена срцевина или супресија поради хемотерапија и иридациона терапија во Дневната трансфузиолошка болница во Штип

Камчев Н., Витларова Ј., Камчева М., Икономова Л.
РЕ Трансфузиологија, Медицински центар, Штип

## ЦЕЛ

Да се прикаже бројот на хоспитализирани и трансфундирани болни со инсуфициенција на коскената срцевина поради хипоплазија, аплазија или супресија како резултат на аплицирана цитостатска или ирадијациска терапија кај болни со малигни заболувања.

## МАТЕРИЈАЛ И МЕТОДИ

Болните се дијагностицирани во повеќе медицински институции во Штип и Скопје, а за корекција на анемичнбиот синдром се хоспитализирани и лекувани во Дневната Трансфузиолошка болница во Штип.

## РЕЗУЛТАТИ

Во изминатиот период од 2 години хоспитализирани и лекувани се 9 (12,5%) болни со аплазија и хипоплазија на коскена срцевина, 10 (13,8%) со малигни хемопатии и 53 (73,6%) со неоплазми од кои 38 (71,6%) се третирани со цитостатска терапија и 15 (28,3%) болни третирани со комбинирана цитостатска и ирадијациска терапија.

## ЗАКЛУЧОК

Поради основното заболување и применетата терапија се појавува секундарна анемија која бара соодветно и адекватно лекување.